ЈКП „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со Ц.О.			
Примено:	21.10.2024		
Орг.ед.	Број	Прилог	Вредн.
02 -	1775/2		

ПРОГРАМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД
(2025)
Општина Прилеп - Локална самоуправа

ЈКП „Комуналец“ - Прилеп

Изработил: Лилјана ПурдескаСилјаноска

1. ВОВЕД

Програмата за управување со отпад (2025) претставува плански документ за управување со отпад произлезен од Законот за управување со отпад, и подзаконските акти произлезени од законот.

Програмата го определува и планира начинот, обемот и динамиката на собирањето, транспортирањето и депонирањето на отпадот, процесите на селектирање, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето.

Програмата е изработена врз основа на определени одредби на националното законодавство кое се однесуваат на заштитата на животната средина наведени во:

- Законот за животна средина;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- Законот за управување со електрична и електронска опрема;
- Законот за управување со батерии и акумулатори;

како и со правилниците и уредбите донесени од страна на надлежни државни органи кои се однесуваат на начинот и постапувањето со определени видови на отпад.

Програмата е изработена според универзални начела и приоритети врз кои се темелат основите на современото управување со отпадот како што се начелото на:

- одржлив развој за заштита на животната средина,
- претпазливост,
- блискост,
- универзалност на услугата и
- **загадувачот плаќа.**

Сите овие наведени начела спроведуваат определени мерки и активности за ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп,, со цел јавното претпријатие во текот на извршувањето на своите дејности и активности:

- да обезбеди висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- да преземи мерки за намалување на количините на создаден отпад на самото место на неговото создавање, или отпадот да биде преработен по пат на рециклирање или повторна употреба или во случај отпадот да не може да се селектира, истиот да се однеси до најблиското место за негов понатамошен третман, во случајов до нестандардната депониија во Алинци, додека се изгради Реагиналната санитарна депонија во Новаци;
- во случај на предизвикување на несакани последици по животната средина да преземи мерки на претпазливост и мерки на отстранување на опасноста пред да се дојде до штетни последици;

Во текот на сите овие активности јавното претпријатие потребно е да го почитува принципот на **универзалност на услугата** и да ги сноси сите трошоци настанати во делот на управувањето со отпадот, превенцијата и мониторингот.

Програмата за управување со отпад дава насоки за спроведување на мерки и активности што треба да се преземат со цел подобрување на состојбата во делот на управувањето со видовите на отпад кои се создаваат на територијата на општина Прилеп.

Програмата се однесува за период од 1 години и истата е изработена според законската регулатива која се однесува на делот за управување со отпад.

Во програмата наведени се изворите на отпад, видот и количините на отпад, наведени се планирани техничко – технолошки и организациски мерки за подобрување на процесот на управување со отпадот како и рокови и фази на реализација на истите. Програмата содржи мерки за заштита на штетното влијание на отпад врз луѓето, како и планирани активности за едукација на населението и обука на кадарот кој управува со отпадот.

На крајот на Програмата се повикува на Локалниот акциски план за управување со отпад за реализација на предвидените мерки преку активност со предвидено време на реализација. Акцискиот план за управување со отпад е достапен за секој граѓанин на ВЕБ станата од Локалната самоуправа и на ВЕБ страната од ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп.

1.2 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ПРИЛЕП

Општина Прилеп е лоцирана во централниот дел на јужното подрачје на Република Северна Македонија, на северниот дел на најголемата житница во државата Пелагонија. Општината зафаќа вкупна површина од 1.195 km^2 и според површината е најголема општина во земјата. Општината вклучува вкупно 59 населени места – Градот Прилеп и 58 села. Општината опфаќа и дел од висорамнината Мариово која во мал дел граничи со Република Грција. Општина Прилеп се наоѓа на надморска височина од 620 до 680 м на повисоките делови, а највисоките планини во општината се до висина од 1.500 м. Координатите на градот се: $41^0$21’22” северна географска ширина и $21^0$35’7” источна географска должина. Согласно пописот во 2021 година, градот броел 69.025 жители, од кои 34.208 се мажи, 34.817 се жени, 58.349 се Македонци, 127 Албанци, 1.060 Турци и 3.966 Роми. Оддалеченоста на Прилеп од градот Скопје е 135 км, а оддалеченоста од двата аеродроми во државата е 130 км од аеродромот во Скопје и 125 км од аеродромот “Св. Апостол Павле” во Охрид.

Слика: местоположбата на општина Прилеп во границите на Република Северна Македонија.

Прилеп е на околу 50 км оддалеченост од јужната граница со која државата граничи со Грција која пак е членка на Европската Унија. Низ градот поминува железница која ги поврзува Битола, Велес, Прилеп и Скопје, а преку Скопје го поврзува градот со другите земји. Оддалеченоста на Прилеп од Солун, Грција (аеродром и пристаниште) е околу 210км. Градот е поврзан со Скопје и Солун преку автопатот Е75 и магистралниот пат А3. Оддалеченоста од пристаништето во Драч, Албанија е 240 км.

Табела: Податоци за Општина Прилеп

Локација	**Општина Прилеп се наоѓа во централниот дел од јужното подрачје на Република Северна Македонија. Го зафаќа Прилепското поле кое го сочинува северниот дел од најголемата котлина во државата – Пелагонија, Тројачката Котлина и подрачјето на градот Прилеп.**
Население	69.025 според Пописот од 2021 година
Број на домаќинства	24.607
Број на станови	33.080
Територија	1.195 km2 и според површината е најголема општина во Република Северна Македонија
Број на населени места[1]	Вкупно 59 населени места – Градот Прилеп и 58 села
Густина на население	57,76 на км^2
Број на домаќинства	24.607
Просечен број на членови по домаќинство	2,8

1.3 ПРОФИЛ НА ЈКП ,,КОМУНАЛЕЦ“ - ПРИЛЕП

Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ - Прилеп, е основано од Советот на Општина Прилеп и врши комунална дејност на територијата на Прилеп од 1975 година. ЈКП „Комуналец“ - Прилеп, има вкупно 357 вработени (состојба со 30.08.2023 год.) во посебни Сектори одделенија и оддели, и со посебни дејности, еден ДООЕЛ и тоа:

- Сектор за подигање, транспортирање и депонирање на отпад;
  Сектор за ЈПП,паркови и зеленило;
- Сектор за управување и уредување на гробишта;
- ДООЕЛ ,,Терминал- Комуналец“ - Прилеп;

и администација поделена во сектори и одделенија која ги опслужува секторите од оператива, и ги води сите деловни и административни работи.

- Управувањето со отпадот во Општина Прилеп, се одвива преку ЈКП „Комуналец“, чија што основна дејност на претпријатието е собирање, транспортирање и депонирање на

комунален отпад од индивидуални корисници и правни субјекти на територијата на општината:

- Отпад од домаќинства се собира од **19.326 корисници во градот**, и **1143 корисници во населените места** или вкупно **20.469 домаќинства**
- Отпад од стопанството,мали бизниси, дуќани, јавните установи и институции се собира од **2.042 корисници** на услугите во градот и населените места.
- Опфатот на подигање на отпад е поделен на 9 Реони. Отпадот се подига со специјални комунални возила, со исклучок на тесните улици каде се подига со мали комунални возила, или со трактори во неурбанизираните делови (Под кули, Тризла).
- За собирање на стара хартија и картон, PET амбалажа, најлон, тврда пластика, боци, лименки, и разновиден отпад од хемиски пакување, како и туби, буриња, ролетни и др. формиран е посебен Оддел за селекција на отпад со специјализирани возила за подигање на селектиран отпад.
- Мешан комунален и другите видови отпад се депонираат сеуште во депонијата во месноста Омец - Алинци.

Преглед на корисници на услуги од ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

1. ГРАЃАНСКИ С-КИ

Година	Месец	Град/Село	бр	Тип	Корисници	Кров м2	Двор м2
2024	**1**	Град	1	Домаќинства	19.312	2.325.425	1.710.657
2024	**1**	Град	3	Дуќани	629	20.624	7.030
2024	**1**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**1**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.943	**2.346.227**	**1.718.002**
2024	**1**	Село	1	Домаќинства	1.147	113.119	182.482
2024	**1**	Село	3	Дуќани	18	1.247	200
2024	**1**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.166	**114.566**	**182.882**
					21.109	**2.460.793**	**1.900.884**
2024	**2**	Град	1	Домаќинства	19.329	2.325.168	1.708.535
2024	**2**	Град	3	Дуќани	627	20.459	6.890
2024	**2**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**2**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.958	**2.345.805**	**1.715.740**
2024	**2**	Село	1	Домаќинства	1.146	113.047	182.382
2024	**2**	Село	3	Дуќани	18	1.247	200
2024	**2**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.165	**114.494**	**182.782**
					21.123	**2.460.299**	**1.898.522**
2024	**3**	Град	1	Домаќинства	19.338	2.325.170	1.708.563
2024	**3**	Град	3	Дуќани	625	20.327	6.890
2024	**3**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**3**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.965	**2.345.675**	**1.715.768**

2024	**3**	Село	1	Домаќинства	1.144	112.907	182.132
2024	**3**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**3**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.162	**114.330**	**182.532**
					21.127	**2.460.005**	**1.898.300**
2024	**4**	Град	1	Домаќинства	19.342	2.324.455	1.708.391
2024	**4**	Град	3	Дуќани	621	20.176	6.890
2024	**4**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**4**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.965	**2.344.809**	**1.715.596**
2024	**4**	Село	1	Домаќинства	1.143	112.772	181.982
2024	**4**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**4**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.161	**114.195**	**182.382**
					21.126	**2.459.004**	**1.897.978**
2024	**5**	Град	1	Домаќинства	19.333	2.322.698	1.707.190
2024	**5**	Град	3	Дуќани	621	20.153	6.890
2024	**5**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**5**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.956	**2.343.029**	**1.714.395**
2024	**5**	Село	1	Домаќинства	1.141	112.595	181.632
2024	**5**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**5**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.159	**114.018**	**182.032**
					21.115	**2.457.047**	**1.896.427**
2024	**6**	Град	1	Домаќинства	19.327	2.321.928	1.706.538
2024	**6**	Град	3	Дуќани	618	20.092	6.890
2024	**6**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**6**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.947	**2.342.198**	**1.713.743**
2024	**6**	Село	1	Домаќинства	1.140	112.435	181.432
2024	**6**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**6**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.158	**113.858**	**181.832**
					21.105	**2.456.056**	**1.895.575**
2024	**7**	Град	1	Домаќинства	19.325	2.321.583	1.706.352
2024	**7**	Град	3	Дуќани	619	20.162	6.890
2024	**7**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**7**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.946	**2.341.923**	**1.713.557**
2024	**7**	Село	1	Домаќинства	1.140	112.435	181.432
2024	**7**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**7**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.158	**113.858**	**181.832**
					21.104	**2.455.781**	**1.895.389**
2024	**8**	Град	1	Домаќинства	19.302	2.318.486	1.703.768
2024	**8**	Град	3	Дуќани	617	20.109	6.890
2024	**8**	Град	2	Претпријатија	1	43	15
2024	**8**	Град	4	Училишта	1	135	300
					19.921	**2.338.773**	**1.710.973**

2024	**8**	Село	1	Домаќинства	1.139	112.365	181.332
2024	**8**	Село	3	Дуќани	17	1.223	200
2024	**8**	Село	4	Училишта	1	200	200
					1.157	**113.788**	**181.732**
					21.078	**2.452.561**	**1.892.705**

ГРАЃАНСКИ С-КИ

Реоните се од 1 до 45 (граѓански и рурални) на зелена сметка

Град/Село	бр	Тип	Корисници	Кров м2	Двор м2
Вкупно		**реони 1201**	**Пресметки од сметки**		
	1	**Домаќинства**	**20.469**	**2.435.823**	**1.889.349**
Град			19.326	2.323.114	1.707.499
Село			1.143	112.709	181.850
	2	**Претпријатија**	**1**	**43**	**15**
Град			1	43	15
Село			0	0	0
	3	**Дуќани**	**639**	**21.491**	**7.107**
Град			622	20.262	6.907
Село			17	1.229	200
	4	**Училишта**	**2**	**335**	**500**
Град			1	135	300
Село			1	200	200
			21.111	**2.457.692**	**1.896.971**

ПРАВНИ ЛИЦА - ФАКТУРИ

Година	Месец	Град/Село		Тип	Корисници	Кров м2	Двор м2
2024	**1**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**1**	Град	7	Дуќани	687	38.566	12.021
2024	**1**	Град	6	Претпријатија	689	563.821	720.280
2024	**1**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.416	**681.068**	**845.375**
2024	**2**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**2**	Град	7	Дуќани	686	39.051	12.161
2024	**2**	Град	6	Претпријатија	689	563.032	717.892
2024	**2**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.415	**680.764**	**843.127**
2024	**3**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**3**	Град	7	Дуќани	681	38.436	12.061
2024	**3**	Град	6	Претпријатија	680	557.299	702.834
2024	**3**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.401	**674.416**	**827.969**
2024	**4**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**4**	Град	7	Дуќани	681	38.436	12.061
2024	**4**	Град	6	Претпријатија	680	557.299	702.834
2024	**4**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.401	**674.416**	**827.969**
2024	**5**	Град	5	Домаќинства	1	40	0

2024	**5**	Град	7	Дуќани	674	37.538	11.866
2024	**5**	Град	6	Претпријатија	681	558.077	702.834
2024	**5**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.395	**674.296**	**827.774**
2024	**6**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**6**	Град	7	Дуќани	670	37.387	11.846
2024	**6**	Град	6	Претпријатија	680	558.116	699.878
2024	**6**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.390	**674.184**	**824.798**
2024	**7**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**7**	Град	7	Дуќани	669	37.097	11.846
2024	**7**	Град	6	Претпријатија	686	558.647	699.177
2024	**7**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.395	**674.425**	**824.097**
2024	**8**	Град	5	Домаќинства	1	40	0
2024	**8**	Град	7	Дуќани	669	37.097	11.846
2024	**8**	Град	6	Претпријатија	687	558.687	699.177
2024	**8**	Град	8	Училишта	39	78.641	113.074
					1.396	**674.465**	**824.097**

ПРАВНИ ЛИЦА - ФАКТУРИ

	Град	бр	Тип	Корисници	Кров м2	Двор м2
			реон 1200			
			реон 1203			
реон 60		5	**Домаќинства**	**1**	**40**	**0**
	Град			1	40	0
реон 40		6	**Претпријатија**	**684**	**559.372**	**705.613**
	Град			684	559.372	705.613
реон 40		7	**Дуќани**	**677**	**37.951**	**11.963**
	Град			677	37.951	11.963
реон 50		8	**Училишта**	**39**	**78.641**	**113.074**
	Град			39	78.641	113.074
				1.401	**676.004**	**830.650**

1. СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД, ПО ВИДОВИ, КОЛИЧИНИ И ИЗВОРИ НА СОЗДАВАЊЕ И ПРЕДВИДУВАЊЕ НА ВИДОТ И КОЛИЧИНИТЕ НА СОЗДАДЕН ОТПАД ВО 2025 ГОДИНА

Како појдовна основа во процесот на планирање на управување со отпадна општините се јавува потреба за формирање сигурни бази на податоци за видовите и изворите од отпад, постоечки количини отпад, постоечки начин на управување, односно начин на собирање, третман и конечно одлагање.

1. 1. ВИДОВИ ОТПАД И НАЧИН НА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНА КАТЕГОРИЈА НА ОТПАД

По местото и изворот на настанување во Општина Прилеп се разликуваат следниве видови на отпад:

Комунален отпад го содржи отпадот од домаќинствата кој настанува во индивидуалните куќи, станбените згради, службените простории, продавниците итн., и отпад од јавни површини (дел од органски стабилни материи "зелен отпад", растителни отпадоци, кутии од цигари и сл., а дел од органски нестабилни материи како отпад од храна, животински остатоци). Овој отпад во најголем дел претставува отпад од преработка и консумирање храна, или остатоци од животинско и растително потекло. Најважна карактеристика на овој отпад е лесно и брзо да се разложува, особено летно време, при висока температура на воздухот. Создавање и ширење на непријатните мириси е следбен процес на распаѓање на отпадот. Останатиот куќен отпад содржи согорувачки компоненти (картон, хартија пластика, текстил, гума, кожа, мебел) и несогорливи компоненти (стакло, конзерви, бела техника и сл.)

Комерцијален и индустриски отпад настанува во производни процеси и се состои од разновидни стабилни и нестабилни елементи од органско и неорганско потекло. Поединечен индустриски отпад, кој се создава во процесот на производство, може повторно да се користи во ист или некој друг технолошки процес како секундарна суровина, доколку задоволуваат одредени технички норми неопходни за нивна примена. Штетниот и опасен отпад не може да се одлага заедно со комуналниот отпад, тој бара специјален третман кој најчесто се одвива во индустриските рамки.

Останат отпад кој настанува како резултат на различни човечки дејности за кој дел од нив ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп , нема обврска да постапува се на пример: возила и нивни делови, санитарни уреди, автомобилски гуми и сл.

Од Листата на видови на отпад (Сл. Весник на Р.Македонија, бр.100/05), за Општина Прилеп, карактеристични се следните видови на отпад кои најчесто се собираат за рециклирање и/или уништување со депонирање од страна на јавното комунално претпријатие или од Приватни фирми со Дозвола за транспорт и складирање на отпадни материјали и тоа:

- Отпад од пакување (освен ПЕТ Амбалажа);
- ПЕТ амбалажа;
- Отпадна пластика;
- Отпадна хартија и картон;
- Стаклена амбалажа и стакло;
- Отпадни возила;
- Отпадни гуми;
- Отпадни батерии и акумулатори;
- отпад од анимално потекло;
- Лешеви и животни;
- Отпадно масло.
- Отпадна електронска и електрична опрема
- Отпад кој настанува при процесот на пречистување во Прочистителни станици.

Од секојдневно мерениот отпад, податоците кои ги води јавното претпријатие, и анализите направени на територијата на Општина Прилеп, изминативе години, а врз кои се прави и пр оценка на создаден отпад за наредната година, евидентирани се следните видови на отпад:

ПРЕГЛЕД на отпад во [т] по години за 2018, 2019, 2020,2021,2022,2023- споредбени податоци						
МЕСЕЦ	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**
Мешан комунален отпад	23.939	23.760	22.411	24.315	20.604	21.049
Отпаден текстил	1.322	547	677	483	417	459
Отпадна земја	335	297	415	227	204	70
Градежен шут	2.187	2.004	1.207	922	670	794
Стакло и стаклена амбалажа	60	24	52	89	24	25
Тутунска индустрија	2.500	/	/	/	/	/
Хартија	783	912	1.023	897	603	644
Пластика	124	139	155	98	78	85
Најлон	43	42	43	34	30	30
Прехранбена индустрија	/	1.122	/	1.793	1609	1.415
В к у п н о:	**31.293**	**28.847**	**25.983**	**28.858**	**24.239**	**24.571**

И покрај напорите правните и физичките лица да го селектираат отпадот, сеуште најголема количина на отпад припаѓа на комунален отпад , со сотав на мешан комунален отпад.

Како евидентирани количини на целокупниот отпад кој исклучиво го собрал, депонирал и селектирал, потоа го продал на откупувач со Дозвола за складирање и третман на отпад се некои видови одтпад кои количини се претставени во табеларен приказ. Количините на отпад се од 2018 до 2023 година, а кои се користат како споредбени податоци во анализа за планирање за 2025 година. Тендот на намалување на вкупните количини на отпад се должи што поголемите компании веќе имаат воспоставен систем на селекција на отпад, истиот самостојно го селектираат, балираат и продаваат на откупувачи со отпад.

Од табеларниот приказ се гледа огромен пад кај стаклената амбалажа кој не го евидетнира ,, Комуналец,, а кој на годишно ниво од Програмата Хорека се собираат над 80 тони отпадна стаклена амбалажа во Општина Прилеп, и со кој отпад не управува јавното претпријатие. Подолу ќе го елаборираме и падот на собраната хартија и пластика односно отпад од пакување.

Споредбени податоци на вкупниот отпад по години

Година	2019 година		2020 година		2021 година		2022 година		2023 година	
Месец	[тон/ месец]	[тон/ ден]	[тон/ месец]	[тон/ ден]	[тон/ месец]	[тон/ ден]	[тон/ месец]	[тон/ ден]	[тон/ месец]	[тон/ ден]
Јануари	1.833	59	2.101	67	1.950	62	1.341	43	1.535	49
Февруари	2.178	77	1.957	69	1.890	67	2.047	73	2.150	76
Март	2.503	80	2.639	85	2.850	91	2.110	68	2.230	72
Април	3.371	108	2.431	81	2.780	92	1.946	64	2.086	69
Мај	2.768	93	2.652	85	2.920	94	2.118	68	2.000	64
Јуни	2.889	96	2.707	90	2.840	91	2.022	67	2.010	67
Јули	2.816	90	2.816	90	2.750	88	1.706	55	1.850	59
Август	3.128	100	3.196	100	2.860	92	2.155	70	2.110	68
Септември	2.875	95	2.864	95	2.860	91	2.212	73	2.200	73
Октомври	2.635	85	2.828	91	1.632	52	2.311	74	2.100	67
Ноември	2.564	85	2.656	88	1.736	57	1.981	66	2.000	66
Декември	2.229	71	2.446	78	1.219	39	2.290	73	2.300	74
Вкупно	**31.789 t/g**	**85 t/d**	**31.293 t/g**	**84 t/d**	**28.858** t/g	**77 t/d**	**24.239** t/g	**66 t/d**	**24.571** t/g	**66 t/d**

1.1.1. КОМУНАЛЕН И КОМЕРЦИЈАЛЕН ОТПАД

Според Законот за управување со отпад, комунален отпад е отпад што се создава од физички лица од домаќинствата (отпад од домаќинства) и комерцијалниот отпад. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Врз основа на анализите направени од страна на ЈКП ,,Комуналец ,, - Прилеп на територијата на општина Прилеп, просечно на ден во 2022 и 2023 година се собираат околу 67 тони отпад, или на годишно ниво се собираат од 24 000 до 28 000 тони комунален отпад. Разликите на тренд на намалување на отпадот најмногу се должи на иселувањето на населението, привремена работа во летниот период, додека зголемувањето на отпадот во некои години најмногу се должи на инвестиции во бизнис секторот и градежни работи кај бизнис секторот. Ако во летниот период во 2018 година се собирало од 85 - 90 тони на ден, во 2023 година во летниот период е собрано од 59 до 68 тони на ден. Во 2023 годнина собрани се 24. 571 тони отпад.

Во случај на планираните вклучувања на и проширување на дејноста за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад од нови рурални средини планирано е во 2025 гоидина дополнително де се соберат уште 5% комунален отпад.

Од селективниот процес на собирање на отпадна хартија просечно годишно се собираат над 650 тони отпадна хартија, падот на намлена хартија и картон во 2022 и 2023 година се должи на самостојното рециклирање на картон од неколку големи производствени капацитети. Ваквиот тренд на самостојно собирање, балирање и продажба на картон од бизнис секторот не влијае на работата на јавното претпријатие, напротив е за поздравување. Зашто процесот на собирање на картон и хартија кој е габаритен за транспорт не ги покрива трошоците на јавното претпријатие, освен што не се депонира. Количините на собрана Пет амбалажа и друга

употреблива пластика се намалени поради проблемот со дивите нелегални собирачи на PET пластиката, која појава не може да се спречи. Односно дивите собирачи на ПЕТ амбалажа освен од контејнерите, влегуваат во дворовите на граѓаните и од жолтата канта исклучиво ја собираат ПЕТ амбалажата.
Планирањата се во 2025 година, доколку се зголеми бројот на вработените во Инспекторатот во Општина Прилеп, оваа појава да се намали. Ова е неминовно зашто за поставување на жолтата канта во домаќинствата инвестицијата е на јавното претпријатие.

20 03 01 комунален отпад
Преставува отпад создаден од правни и физички лица и е со карактеристики на отпад од домаќинства, како и комерцијален отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.
Количините на комунален отпад што се создаваат може да се добијат и од емпириски показатели како што е степенот на создавање на отпад на годишно ниво по човек. Овој показател на нанационално ниво изнесува 283 кг/годишно/човек (според Националниот План за управување со отпад)
Анализата на составот на комуналниот цврст отпад начесто се состои одразлични компоненти, и секое испитување покажува различни резултати, што ќе рече, во Република Македонија не можеме да се потпреме на точен податок се додека не започне секундарна селекција на отпад со која точно би се одредиле процентите од компонети на сочинување на целокупниот отпад.

р.бр.	ВИД (Категорија на отпад)	Застапеност (%)
1	Биоразградлив (органски) отпад	26,0
2	Хартија, картони	11,9
3	Пластика	9,6
4	Дрво	2,7
5	Стакло	3,5
6	Текстил	2,9
7	Метали	2,6
8	Друг отпад (инертен, комплексен ...)	7,5
9	Опасен отпад од домаќинства	0,2
10	Фини мешани честички (< мм)	30,9
11	Мешовито пакување	2,2
	В к у п н о :	100,00 %

Табела : Процентуален состав на комуналниот цврст отпад
Вид (категорија) на отпад застапеност (%) на ниво на држава.

Од различните показатели на испитувања, доколку се анализираат податоците при испитување по региони, посебно процентите добиени за Пелгонискиот регион се добиваат горе/долу прикажаните табеларни податоци. Процентот на биоразградлив отпад во Општина Прилеп е голем како и во сите други држави. Затоа неминовно е да се размислува како ви иднина би се управувал овој отпад, односно да се изнајдат финсиски средства за изградба на мини компостара во месноста Омец Алинци. Проект за компостара се аплицира кон крајот на 2023 година од Програмата Адрион со 6 партнер држави, но не беше иабран. За 2025 година ќе се бараат фондови за добивање на финсиски средства и изградба на прекупотребна Компостара за преработка на исклучиво чист био- отпад со помош на зајакнување на капацитети од Проектот ,,Одржливо управување со отпад на локално ниво,,.

17 Инертен отпад;

Преставува отпад што се создава како резултат на определени градежни активности, реконструкција или преуредување на објекти, погони или простории. Моменталната состојба за депонирање на градежниот отпад (шут) се карактеризира со тоа што истиот се одлага на диви депонии на неколку локации во околината на градот. ЈКП ,,Комуналец,, - Прилеп, овозможува и одлагање на градежниот шут со свои возила и тоа контенјери од 5 m^3, Кипер IVECO од 20 $m^{3,}$ кој се користи за транспорт на отпад од диви депонии и трактори кои собираат 2 m^3, со кои директно се одлага шутот на депонија. На граѓаните и бизнис секторот им се нуди комунална услуга за подигање на инертен отпад со најава од коминтентот. Отпадот од оваа услуга се депонира во депонијата Алинци и се наплаќа.

Дивите депонии од граджен шут по Програма ги чисти ЈКП„Комуналец“ - Прилеп, или со налог од Инспекторатот при Локалната самоуправа и со организирани акции од страна на градоначалникот на Општина Прилеп. Општина Прилеп и „Комуналец“, планираат наредниов период да се набави дробилка за градежен шут за употребливи материјали, и истиот добиен издробен материјал да се користи како покривач на општински колски патишта. Ова не е голема инвестиција, а придобивките од рециклирање на овој вид на отпад за општинава би биле големи со оглед на фактот што колските патишта кои водат до викенд населбите, викендици и ниви се премногу оштетени.

Ва 2025 година со Програмата за управување со отпад ќе се исчистат дивите депонии кои се прикажани табеларно. Истите се чистат еднаш до два пати годишно, зависно од расположивите технички и финасиски можности на јавното претпријатие.

Планирани диви депонии за чистење во 2025 година

–	Околу касарна “Мирче Ацев“ - исчистена 2022, во моментов е на проверка со повторно акумулиран отпад
–	Надвозник “Салида“- континуирано се чисти
–	Заполшки мост-континуирано се чисти. Потребно е да се исчисти со фурукава во реката до мостот
–	Населба “Кузман“- колски пат кој излегува на заполшки мост
–	Населба Кузман по канал до мост
–	Патот за “Маркова чешма“ и “Ленишки мост“
–	Патот спрема вештачко езеро, лево,најпроблермитична голема дива депонија со голема акумилација на отпад. Потребно помош во градежна механизација од Мермерски комбинат.
–	Нови гробишта, обиколен пат за манастир Трескавец- помали диви депонии
–	Нови гробишта - пред паркинг- заостаната дива депонија заради големи бетонски блокови
–	Населба Тризла, недефинирано на повеќе локации- континуирано се чисти
–	Дабнички завој - по патот
–	Железничка накај Фершепед- по потреба
–	Обиколница Жито Прилеп
–	Крушевски пат- и влезот за Жабино маало, помали диви депонии
–	Зад Градски базен
–	Марино маало
–	Населба Кузман на крајот од куќите до Регионален пат
–	На патот за Мажучиште кај паркинг и по колскиот пат
–	Населба Бончејца по кеј река
–	Позади сала Македонија
–	Социјални бараки Варош
–	Патот за Беровци на исклучување од регионалниот пат
–	По магистралниот пат од Лук Оил до клучка Салида, неколку помали диви депонии под куќите
–	Ѓумушица- до единствената стара чешма со питка вода - ПРИОРИТЕТ
–	Под карпа Слон во ливадите
–	Под кули - неколку мали депонии над Ромската населба
–	Под новиот мост во Сточен пазар, акумулиран отпад од врнежите

1.1.2. ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ И ПАКУВАЊЕ

Според Законот за пакување и отпад од пакување, отпад од пакување е секое пакување или материјал за пакување што создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли, освен остатоците од производството.

Пакување се сите производи направени од каков било материјал што се користат за складирање, заштита, ракување, испорачување и за презентација на стоките, од производителот до корисникот или до потрошувачот, без оглед на тоа дали стоките се суровини или преработки. Пакувањата можат да бидат поединечни (продажни или примарни пакувања), збирни или (групни или секундарни пакувања), или транспортни (терцијарни пакувања).

Како евидентирани видови на отпад од пакување, било како отпад добиен од примарно, секундарно или терцијарно пакување се следните:

15 01 01 отпад од пакување од картон и хартија

Преставува отпад од примарно, секундарно и терцијарно пакување, како што се оштетени или искористени картонски и хартиени кеси, како и хартија собрана од домаќинства: На територијата на Општина Прилеп се врши селекција на отпадна хартија и картон. Јавното претпријатие со сопствени средства има поставено своја комунална инфраструктура и на годишно ниво се селектира, балира и продава на откупувач на отпад со Дозвола за складирање и третман на отпад од 700 до 800 тони отпадна хартија. Во 2023 година се собрало, балирало и продало 644 тони отпадна хартија. На плацот на ЈКП,, Комуналец,, заради немањето на откупувач останаа уште 120 тони непродадена хартија.

Во 2025 година планирано е да се продолжи со поставување на нови контејнери и канти за селекција по принципот на селектирај отпаден материјал ,, сува постапка,,. Количините на отпадна хартија во план е да се намалат со највата од други бизнис капацитети кои планираат да ја селектираат хартијата во сопствените стопнски дворови.

Селективно собирање на картон и хартија

На територијата на општина Прилеп во 2009 година отпочнат е процес за селективно собирање на хартија. Собирањето на старата хартија се врши по систем на собирање со доселектирање на плац, балирање и продажба. Берзанската цена за продажба на овој отпаден материјал е варијабилна и доведува понекогаш јавното претпријатие да неможе да ги покрие трошоците кои се направени заради габаритноста на картонот. Како најголеми создавачи на овој отпад се: големите маркети, продавниците за продажба на храна, останатата трговска мрежа , како и производствените капацитети.

Со оглед на неисплатливоста на отпадната хартија во 2025 година се планира да се воведе друг систем на наплата кај големите создавачи на отпадна хартија по принципот,, загадувачот плаќа,, односно кај маркетите кои во основа имаат мала квадратура, а се создавачи на големи количини на отпаден картон. Анализите велат дека не е исплатливо да се оди два до три пати до маркетите и да се собира отпадот кој во основа е габаритен, а со тоа неможат да се покријат ниту транспортните трошоци, а камо ли трошок се работниците , возачот и амортизација. И покрај едукацијата на вработените од маркетите да ја намалуваат габаритноста на картонот, ниеден маркет или производител тоа не го практикува, што ќе рече понекогаш се транспортира воздух. Искуствата од ЕУ државите велат дека претпријатијата кои и таму се во јавна сопственост не подигаат отпад кој не е правилно складиран или третиран.

По системот на собирање и селектирање на хартија и картон од ЈПП се собира од 416 садови специјално наменети за собирање на истата т.н. (кошеви).Правните и физичките лица ја оставаат старата хартија во садовите, по што, специјално возило на ЈКП ,,Комуналец,, -

Прилеп, ја собира и ја транспортира во кругот на Јавното претпријатие каде истата се балира(на новонабавената 50 тонска преса) и се предава на правни лица кои се надлежни за понатамошен третман на истата. За поздравување е што одредени големи компании започнаа сопствена селекција и балирање на отпад во кругот на фабриките.

По принципот на селекција ,,врата до врата,, се селектира во домаќинствата, каде за разлика од бизнис секторот количините на отпадна хартија и картон се помали. Се селектира во жолтата канта која содржи само сува компонента на отпад, и може да се искористи отпадната хартија во понатамошен третман.

Собирањето на отпадната хартија и картон по ЈПП се врши од понеделник до сабота во период од 6 до 21 часот во две смени, со 6 дена неделно работење по јавно прометните површини. Додека во домаќинствата се овој вид на отпад се подига од понеделник до петок, во прва смена . Анализите низ годиниве покажуваат дека е неисплатливо ваквиот вид на отпад да се подига еднаш во неделата. На крајот од 2024 година, ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, ќе воведе собирање на жолтата канта на две недели. Ваквата анализа на неисплатливост е одамна, но шведските искуства, потврдија дека единствено отпадот е исплатлив доколку се подига еднаш во две недели, што е европска пракса дури и за биоразградливиот отпад.

Со редовни активности, постојана присутност на комуналните служби и поголем број на пунктови, се гради повисока свест кај корисниците за треманот на отпадните материјали. По примерот на ваквите служби од западните земји воспоставен е принцип на работа и на повик на контакт телефоните, како и интернет он-лајн контакт во секое време.

Плато за балирана хартија и најлон во ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

Ова би се постигнало со поставување на дополнителен број наконтејнери за селекција на хартија по ЈПП, во индустријата и стопанството, но и селектирање на хартија во домаќинствата, по принципот на комплетна селекција на селективни отпадоци, или, по принцип на повик до службите за куќен или институционален третман, селекција и транспорт на хартија. Сегашните постоечки 225 контејнери за хартија, не ги задоволуваат потребите на

корисниците на услуги. Наредниве три години треба да се зголеми бројот за 80 контејнери, а дел од постоечките да се репарираат.

Постапката на искористување на дел од отпадоците претставува елемент на современо живеење. Со оваа постапка ефектите се благопријатни не само врз намалување на отпадокот и негова преработка во нешто корисно, туку и врз природата и природните ресурси. Од комуналните и индустриските отпадоци 20-25 % завзема старата отпадна хартија и амбалажа. Со повторна употреба на оваа хартија пожелните влијанија се повеќестрани, бидејќи старата хартија во основа во себе содржи целулозно влакно кое е потребно како суровина во индустријата, а за чие добивање е потребно дрво. Со ова индирекно се намалува потребата од сечење на шуми. Исто така, се намалува и обработката на дрвената целулоза која има штетно влијание на водите, со што се подобрува состојбата на водотеците.

- 15 01 02 отпад од пакување од пластика
- Преставува отпад од оштетена или употребена пластична амбалажа добиена во процес на пакување на краен производ како и PET пластика.

На територијата на општина Прилеп, во месец август 2008 година, а во соработка со УСАИД, реализиан е проект за отпочнување на процес на селективно собирање на ПЕТ амбалажа со кампања насловена ,,Собирај ПЕТ заподобар свет“.

Во 2023 година собрани се и продадени 85 тони отпадна пластика. Во 2025 година се планира да се соберат дополнителни 15-20 % кога планира да се спроведе акција со Инспекторатот при ЛС. Во моментов дивите собирачи собираат од кантите во домаќинствата исклучиво она што се продава и има цена, а тоа е ПЕТ амбалажата. Со моменталните количини, а со оглед на поставената комунална инфраструктура која ја има поставено и финсирано јавното претпријатие не може да се има финансикси бенефит за инвестиции. Односно обновување на комуналната инфраструктура.

Селективно собирање на отпадна пластика

Собирањето на отпадна пластика се врши по систем на собирање и селекција. За таа цел поставени се специјални садови за собирање на ПЕТамбалажа. Правните и физичките лица ја остават ПЕТ пластиката во садовите за таа намена, додека специјални возила од ЈКП ,,Комуналец,, ја собираат истата се прави рачна доселекција на платото, а потоа се продава на правните лица овластени за понатамошен третман на истата. За потребите на селектиран отпад од ЈПП, институции и стопанство се формирани посебни работни групи. Селектираниот отпад се собира од контејнерите и се складира , каде селективниот материјал се доселектира, се пресира, и се прават бали за транспорт до рециклирачките центри.

За потребите за селекција во домаќинствата распределени се канти, во жолта и зелена боја. За селекција на сува постапка во жолтата канта се селектира (пластика, хартија, најлон, лименка, разноразни пакувања од картон/хартија, разноразни пакувања од хемиски производи, пакувања од кечап, пластични чаши од јогурт, пасти, производи од тврда пластика како туби, балон шишиња и др. Преку едукација се препорачува на населението отпадните материјали од гајби, пластични столици и маси, пластични делови од апрати и др. да се остават до жолтата канта, а одделението за селекција должно е да ја подигне од дворовите. Во зелената канта во домаќинствата по принципот на таканаречената влажна постапка, се одлагаат остатоци од храна, неупотреблива хартија од храна, толает хартија од ВЦ,пакувања кои не припаѓаат во жолатата канта, земја од чистење на двор, косена трева, лисја и отпад од бавчи (биоразградлив отпад).

Плановите на ЈКП ,,Комуналец“ се во 2024-2025 година да распределат уште 2000 илјади корпи за отпадоци, а во тековната 2025 година ќе остане да се направи попис на корпи во домаќинства и да се утврди точен број на корпи за селекција кои се затекнати на терен и употребливи и недотаток на корпи кои ги нема од причина на кражба или оштетување. Голем

проблем при селекцијата претставува и што одредени домаќинства добиле канти за отпадоци и истите не селектираат, односно до зелената канта ја нема жолтата. Направено е истражување на терен и утврдена е потреба да се размислува на воведување на различна наплата на оние кои го селектираат отпадот и оние граѓани кои не го селектираат отпадот, а имаат можности тоа да го прават.

Европската пракса вели дека различната наплата на оние кои селектираат отпад и оние кои не селектираат отпад вродува со резултати. По детални анализи и преметки неминовност е оваа наплата да се воведе во 2025 година. Односно оние граѓани кои правилно го селектираат отпадот да бидат и наградени со пониски сметки.

Селектирање и на други видови отпад

ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп , освен најчестите отпадни материјали и по процент најзастапени како корисни отпадни материјали, селектира и:

– отпаден најлон
– стакло и стаклена мабалажа
– пластично пакување од јогурт
– боци и лименки
– отпадна пластика од пакување од хемиски производи
– отпадни ролетни
– детски пластични играчки кои не содржат други примеси
– отпадни пластични гајби
– други видови на пластика кои се габаритни(маси, столици, разни видови на цевки идр)

Препорака е скогаш до граѓаните отпадната пластика да не содржи други примеси.

1.1.3. ОТПАД ОД ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА

Според Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, отпадна електрична и електронска опрема преставува отпад во согласност со одредбите на Законот за управување со отпад вклучувајќи ги сите составни делови, потсклопови и потрошни делови и материјали кои се дел од производот во моментот на исфрлање.

Како евидентирани видови на отпад од електрична и електронска опрема се :

16 02 (20 01 35*) Отпад од електрична и електронска опрема

Преставува отпадна опрема:

- од информатичка технологија (стари компјутери, искористени принтери и други делови поврзани со информатичка технологија);
- искористени или расипани електрични и електронски апарати кои се користат во процесот на производство, како и
- опрема за осветлување.

За овој вид на отпад Општина Прилеп има склучено договори со два постапувачи со овој вид на отпад ЕЛ колект и Нула отпад. И покрај напорите на ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, согласно Закон и согласно Договорот кој е склучен со двата постапувачи да се грижат и

постапуваат на територијата на Општина Прилеп, резултати нема. Постапувачите доставија контејнери за селекција на овој вид на отпад , но истите не се во функција и постапувачот е задолжен истите да ги поправи или замени со нови. Плановите во 2025 година се Колективните постапуачи кои имаат буџет за таа намена да изготват Програма со активности и кои мерки би ги презеле на територијата на Општина Прилеп, со цел да се подобри состојбата со собирање на овој вид на отпад.

Од друга страна наведените видови на отпад преставуваат опасен отпад и нивното управување е дефинирано со Законот за управување со електрична и електронска опрема и за неговата постапка задолжени се да се грижат Колективните постапувачи.

2. МЕРКИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕТО ОТПАД

2.1. ПОСТОЈНИ И ПЛАНИРАНИ

Постојните технички и организациски мерки се состојат од различни проекти во различни фази на реализација. ЈКП ,,Комуналец,,- Прилеп како носител на активностите за управување со отпад своите активности ги насочува во следните насоки:

- Изработка на правилници, техничка и институционална документација за подобрување на системот за управување на отпадот, посебно во селекцијата на отпад со кој ќе се регулира обврската на ЈКП, граѓанинот и бизнис секторот;
- Учество во изработка на плански и стратешки документи кои се однесуваат на делот за управување со отпад и заштита на животната средина;
- Учество во работни групи и тела за донесување на одлуки и правилници кои се однесуваат на делот на Регионалноппто здружување во управувањето со отпад;
- Меѓуопштинската соработка со потпишување на Договор за меѓопштинска соработка во управување со отпад и заштита на животната средина.
- Системско проширување на дејноста на собирање и транспортирање на комунален отпад од села кои припаѓаат на општина Прилеп во кои не се врши комуналната услуга(Мариовскиот крај).
- Системско продолжување со распоредување на специјализирани садови од 120 литри (жолта боја) за собирање од индивидуални домаќинства, продолжување со поставување на канти за селкеција на отпад по принципот на сува постапка(жолта канта) и собирање на мешаниот комунален отпад во зелена канта Во 2025 година планирани се да се распределат 8.316 канти од прокетот Регионално управување со отпад;
- Распределување на 606 канти во жолта боја и 606 канти во плава боја од Министерството за животна средина и просторно планирање од Програмата за управување со посебни текови на отпад. Овие канти планирано е да се распределат по основните и средните училишта и градинките и да се спроведе кампања за селектирање на отпадна хартија и картон, како и Пет амбалажа.
- Продолжување со системско распоредување на специјализирани садови од 1,1м^{3,} за собирање од колективни домаќинства и правни лица на комунален отпад и замена на дотраени контејнери. Ќе се распределат 126 контејнери од Проектот за Регионално управување со отпад.
- Почитување на приоритетите за управување со отпадот и начелото на блискост, односно избегнување на создавање на големи количини на отпад, преработка на отпадот по можност на местото каде се создава по пат на рециклирање или повторна употреба:
- Управување со посебни текови на отпад (кабаст отпад, отпадна електрична и електронска опрема и др. видови на отпад) со воспоставување на организациона шема за постапување со таков вид на отпад на целокупната територија на општината;

- Организирање на месечни, полугодишни и годишни акции за собирање на поседни видови на отпад во соработка со Општина Прилеп и Колективните постапувачи;
- Континуирано собирање на кабаст отпад секој четврток во недеелата, проект од ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, кој бесплатно го собира овој вид на отпад, со цел да не заврши на диви депонии;
- Продолжување со собирање на посебни видови на отпад по систем на повик.

3. ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

3.1. ПОСТОЈНИ ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

3.1.1. ОПРЕМА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАД

ЈКП „Комуналец“ - Прилеп, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад на територијата на општина Прилеп,го врши со специјализирани возила за собирање и транспортирање на комунален отпад, трактори, и транспортни возила со просечна годишна старост од 15 години.

Техничка спецификација на возила

ред бр.	марка	тип на возило	форма на каросерија	год. на производство	број на шасија	регистарски таблички
1.	**IVEKO**	440ET 42/38 EUROSTAR	влекач	1994	WJMM1VSJ004153949	PP 025 CB
2.	**IVEKO**	440-E42/38 EUROSTAR	влекач	1995	WJMM1VSJ004163566	PP 509 CM
3.	**IVEKO**	85-12	специјално	1995	8503848	PP 703 AT
4.	**IVEKO**	65.9	превоз на ѓубре	1999	NMCA 706200TE12111	PP 164 BH
5.	**IVEKO**	65.9	отворено	1997	NMSA706200TE10944	PP 089 BD
6.	**IVEKO**	80.12	возило за смет	2000	NMSA858100T003893	PP 718 BI
7.	**FAP**	1620/BD	специјално	1995	118297	PP 392 BI
8.	**FAP**	19-21 VK kiper	товарно	1987	105661	PP 347 AG
9.	**FAP**	1620 BD 45	специјално	1988	103817	PP 899 AD
10.	**FAP**	MERCEDES 12-13/42	отворено	1989	36700513005782	PP 621 AF
12.	**FAP**	1921/36	цистерна	1997	119027	PP 163 BP
13.	**FAP**	1314	цистерна	1981	84651	PP 290 BR
14.	**MERCEDES**	12-13/42	за смет	1985	36700513002196	PP 064 BR
15.	**FAP**	22-28	фургон	1990	112981	PP 589 CB
16.	**MAN**	LE 14.225 LLC	специјално товарно	2002	WMAL77ZZZ1Y073143	PP 3455 AB
17.	**MERCEDES-BENZ**	1824 6x2-2/52	за смет	1997	WDB6520061K255461	PP 793 CL
18.	**MERCEDES-BENZ**	1824 39	фургон за смет	1997	WDB6520031K251740	PP 386 CM
19.	**TAM**	130T 11 FE	цистерна	1988	880000219	PP 689 AT
20.	**TAM**	74T5BE32	отворено	1980	800000969	PP 267 CM
22.	**TAM**	75T5T	фургон	1981	810002580	PP 772 BO
23.	**PRIKOLICA GORICA**	PK23M01	кипер	1980	91919	PP 175 CB
24	**PRIKOLICA GOSA**	P132300	отворено	1991	000145	PP3140AB

25.	**ZASTAVA**	TURBO ZETA 79	фургон	1997	ZCFA798000Z061838	PP 234 BP
26.	**ZASTAVA**	83.10/0	ѓубрарка	1984	028853	PP 931 AI
27.	**ZASTAVA**	8312A 3600	отворено	1989	049138	PP 548 CL
28.	**HYUNDAI**	HD 75	за смет	2011	KMFGA17HEB0001032	PP 473 CM
29.	**HYUNDAI**	HD 75	за смет	2011	KMFGA17HEB0001033	PP 463 CM
30	**Mercedes**	903.6 SPRINTER 311CDI	Возило за специјална намена	2003	WDB9036121R490401	PP 0975 LC
31	**MAN**	140LE		2001	WMAL20ZZZY091992	PP 0973 LC
32	**IVEKO DAILY**	40-C-9		2001	ZCFC4061005307500	PP 0976 LC
33	**IVEKO DAILY**	35-C-9		2002	ZCFC3562105371397	PP 0974LC
34.	**Reno**	44VO31 MIDLUM	товарно – komunalno	2002	VF644ACA000003998	pp8827AC
35.	**IVECO**	EUROCARGO ML80E18/	BA-KSENON KOMUNALNO	2003	ZCFA80D1102406825	PP0267AD
36.	**MAN**	MAN M20/ L86/ 18.264LL	SG- VOZILO KOMUNALNO	1999	WMAL880840Y041428	PP8449AC
37.	**MAN**	MAN F2000 19.314FLK	TOVARNO	2001	WMAT32ZZZ1M330109	SU1329AC
38.	**MERCEDES - BENZ**	815L ATEGO	BA-KESIN ZA SOBIRANJE I PRENESUVANJE NA SMET	2001	WDB970212K588804	SU 2018 AC
39	**IVECO**	EUROKARGO ML65E37	VOZILO ZA SPECILJAN NAMENA DIGALKA	1997	ZCFA6581002212160	PP6743AC
40	**MERCEDEZ - BENZ**	ATEGO 818K.30	KESON VOZILO ZA SPECIJLAN NAMENA	2000	WDB9720211K54959	PP6741 AC
41	**MAN**	M20/L88/ 18.264 LLC	BA-KESON	1999	WMAL880949Y042444	PP0772 AD
42.	**MAN**					PP-0442-AD

Иако ЈКП „Комуналец“ поседува 42 возила, истите почесто не се во функција заради нивна старост , чести дефекти. Некои од нив веќе и не се во возен промет заради годината на производство за кои неможе да се најдат резервни делови. Затоа е непходна набвка на нови возила. Поравка на возилата се извршува во сопствената механичарско- браварска работилница и по јавна набавка од економски оператори. Трошоците кои се прават за поправка на возилата се огромни и не го оправдуваат понатамошното нивно опстојување во возниот промет.

За собирање на комуналниот отпад и отпадот од селекција од колективните домаќинства на територијата на општина Прилеп распоредени се исклучиво специјализирани садови од 1,1м^3. Додека за селекција на отпад распределени се жичани контејнери, пластични контејнери и статични контејнери. Собирањето на комуналниот отпад од индивидуалните домаќинства се врши од специјализирани пластични канти со волумен од 120 литри и од импровизирани садови и вреќи.

Во индивидуални домаќинства распредени се 23 361 пластични канти од 120 литри во жолта боја за собирање на отпадни корисни материјали и зелена боја за друг комунален отпад.

Опис на комунална инфраструктура	Кол.	$М^3$	=	број	парче
Контејнери за мешан отпад	1,1	$м^3$	=	523	парче
Контејнери за ПЕТ, хартија, најлон	1,0	$м^3$	=	415	парче
Контејнери по фирми, болница и др.	7,0	$м^3$	=	28	парче
Контејнери за градежен шут / земја	5,0	$м^3$	=	31	парче
Канти за примарна селекција (набавени)	120	л	=	23.361	парче

3.1.2. ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

ЈКП „Комуналец“ - Прилеп, поседува капацитет за механички третман на отпадни материјали кои се собираат при процесот на селекција. За балирање на отпадните материјали се користи 50 тонска автоматска преса која е набавена со проектот БИО-РЕАЛ. Во функција се и две резервни хидраулични преси за пресување кои се користат кога се менува трака на автоматската преса или кога истата има дефект. Балираните отпадни материјали се предаваат на понатамошен третман на правни лица кои поседуваат Дозвола за складирање и третман на отпад. За утовар на балите се користи вилушкар.

Капацитет за депонирање на отпадот претставува депонијата кај месноста Омец во КО Алинци. На депонијата се врши депонирање на комунален отпад по површинска метода, а дадената локација веќе не располага со доволно подрачје за депонирање на отпад. Депонијата е опслужена со градежна механизација и постојано се врши затрупување на отпадот со земја и корисен инертен материјал. На депонијата се врши комплетно евидентирање на депонираните количини на отпад. Просечните дневни депонирања се околу 60 тони. Во 2023 година депонирани се 21.049 тони мешан комунален отпад, 70 тони отпадна земја која се искористила за покривање на депонијата, 794 тони градежен шут и 459 тони одтпад од индустријата.

Капацитетот за механички третман на отпадот и капацитетот на депонирање на отпадот не ги задоволува дадените потреби. Но, Општина Прилеп се надева на брза реализација на Регионалната депонија во Новаци и рекултивација од страна на Министертвото за животна средина и просторно планирање.

3.2. ПЛАНИРАНИ ОРГАНИЗАЦИСКО ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

Идните планирани организациско – технички капацитети за управување со отпад односно собирање, транспортирање, преработка, третман и финално депонирање на отпадот во 2025 година, ќе се движат во насока на многи подобрени на услови и тоа: На крајот од 2024 година односно во 2025 година јавното претпријатие од Проектот за Регионално управување со отпад ќе добие:

- 5 специјални возила за собирање и транспортирање на отпад со капацитет од 12м3;
- 2 специјални возила за собирање и траспорт со капацитет од 8м3;
- 2 специјални возила со капацитет од 6м3 за транспорт на зелен отпад;
- 126 контенјери за комунален отпад од оделно собран отпад кој може да се рециклира;
- 8.318 канти од 120 литри за собирање на отпад од домаќинства по системот,, врата до врата,,.

- **Изградба на Стопански комплекс - Погон за преработка на безопасен комунален отпад.**

Општина Прилеп, аплицираше проект до Министерството за животна средина и просторно планирање за изградба на Стопански комплекс - погон за преработка на комунален безопасен отпад и доби 90.000.000,оо денари. На Проектот е направена нова Предмер пресметка за доизградба на комплексот. Истиот е во фаза на јавна набвка, а се подготвува и

тендерската документација за Линијата за секундарна селекција на отпад. Целокупната градежна и техничко технолошка работа ќе започне во ноември 2024 година, и тековно во 2025 година. Во 2025 година планирано е да се преработува од 60- 100 тони отпад дневно. Капацитетот на линијата е проектиран да обработува 10 тони отпад на час. Линијата може да работи двосменски или тросменски зависно од потребите.

Со изработката на техничката документација за изградба на **Стопански комплекс ,,Погон за преработка на комунален безопасен отпад''** покрај заштита на животната средина, ЈКП ,,Комуналец"- Прилеп, има намера да го заврши моделот на селекција на отпад, зашто во моментов огромни количини на корисни отпадни материјали завршуваат на депониајата во Алинци. Покрај ова целта е да се селктира се што може да се продаде или отуѓи на пазарот за да останат помали количини кои би се одлагале во депонијата Алинци. Селекцијата на отпад опфаќа примарна и секундарна селекција со реализација во три фази, воедно и да се усогласи со законската регулатива во делот на правилно третирање и управување со отпадот. По завршувањето на примарната селекција на отпад која опфаќа 80% од домаќинствата, бизнис секторот и институциите кои селектираат отпад, во 2025 додине ќе се премине кон секундарна селекција која би се одвивала во горенаведениот стопански комплекс.

- Целокупниот комплекс е на површина од 5416 м2, на која се организирани неколку градежни објекти и партерно средување на парцелата. (Граф. Прилог Ситуационо решение)

Доминантен објект на парцелата е халата со површина од 1337м2 во која е сместена технолошката линија за селекција на отпадот.

Во задниот дел од парцелата се планирани се административни простории и помошни простории (гардероби и санитарии за вработени) на површина од 300м2

На останатата површина од 2650м2 се организирани влез во парцелата, внатрешни сообракајници со плато за манипулација , паркинг и зелени површини.

- Линијата за селекција на мешан комунален отпад е проектирана да преработува 10 тони отпад во час, и предвидува да се отворат 25 - 30 работни места од кои дел високообразовни од техничките, градежните и ИТ струки. Линијата за секундарна преработака на отпад е по Спецификација на опремата усогласена по идејното решение-цртеж бр. ТХ- SKOKP - 010-001-10-14x90

Слика: Изглед линија за секундарна преработка на отпад

Градежна механизација и возила за опслужување на линијата за селекција на отпад

- градежна машина - утоварач за утовар на отпад во линијата
- градежна машина - Скип или Боб кет за утовар во линија и контејнери
- вилушкар од 10 тони- за преместување и утовар на балирани отпадни материјали
- вилушкар 5 тони - за преместување и утовар на балирани отпадни материјали
- мало комунално воозило 5 m^3 за припомош во хала и плац
- мало комунално возило 3 m^3 за припомош во хала и плац

Дел од овие машини ги поседува јавното претпоријатие , но заради нивната старост почесто се јавува дефект. Горенаведените машини ќе се набавуваат по приоритет и согласно расположивите финасиски средства.

- **Изградба на Двор за рециклирање - собирен центар за други видови отпад**

Користеќи искуство од Јавле -Шведска, Локалната самоуправа и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, во 2025 година ќе го реализираат проектот изградба на Двор за рециклирање на ул,, Трајко Николоски,, бб, во стопанскиот двор од ЈКП „Комуналец“. Рециклирачките дворови се направени да ги задоволат потребите на граѓаните и бизнис секторот и видовите на отпад кои не можат и не треба да се соберат со редовната линија за комунален отпад, односно самоиницијативно граѓанинот да ги донесе во рециклирачкиот двор, каде влезот и услугата ќе бидат бесплатни. Со спроведување на овој значаен проект Општина Прилеп и ЈКП „Комуналец“ - Прилеп , по примерот на искуства од Европа, се надеваат дека би се спречило дивото депонирање на отпад. Комплексот се сотои од асфалтиран дел, претоварна рампа или ниска рампа со поставени повеќе кубични ПРЕС контејнери(зависно од отпадниот материјал) и изградба на бетонски боксови за одлагање на отпад за габаритен отпаден материјал и зелен отпад. По изградбата граѓаните ќе бидат информирани едуцирани на каков начин ќе можат да го одложат отпадот. Односно, граѓаните доаѓаат со автомобили со приколки и разни превозни средства и во контејнерите и боксовите кои ќе бидат означени со шифра на отпадот и име на отпадот го одлагаат истиот по принципот „Секој отпад има свое место“

- Рециклирачкиот двор ќе работи по системот „донеси“
- Се селектираат сите видови корисни отпадни материјали одделно во ПРЕС контејнери.
- За зелен отпад, отпад од малтер, бела техника ,санитарија и плочки постојат зидани боксови.
- Постои и посебно уреден простор за стари работи кои можат да се искористат
- Одвоено ќе се собираат и сите видови на фракции од опасен отпад(сијалици,неонки, батерии, акумулатори, телевизори, електричен и електронски отпад кој содржи опасни материјали, пакувања од бои и лакови кои содржат опасни супастанци и др.



Слика: Изглед собирен центар (рециклирачки двор)

- **Воспоставување на регионален систем на управување со комуналниот отпад**

Регионалното управување со отпад е неминовност во денешното современо живење. Во општина Прилеп, во Секторот за урбанизам и просторно планирање веќе се работи на проектот ,,Изградба на Локална станица за управување со отпад - Претоварна станица,, . По принципот на Регионално здружување и меѓуопшинска соработка, во Претоварната станица во месноста Омец - Алинци, отпад ќе се транспортира од општините: Крушево, Кривогаштани и Долнени. Отпадот од комуналните возила директно се претовара во 20 тонски ПРЕС контејнери, потоа директно во контејнерите се пресира отпадот и ПРЕС контејнерот се ќе се депонира во Регионалната депонија во Новаци. Инвеститор на овој значаен проект е биде Министерство за животна средина и просторно планирање

Слика: Изглед претоварнарампа

4. РОКОВИ

4.1 Изградба на Стопански комплекс - Погон за преработка на безопасен комунален отпад-Општина Прилеп. (февруари 2024 - ноември 2025); Општина Прилеп и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

4.2 Израдба на Двор за рециклирање - собирен центар за други видови отпад . (ноември 2024 - март 2025) Општина Прилеп и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

4.3 Воспоставување на регионален систем на управување со комуналниот отпад(2024-2027) МЖСПП и Општина Прилеп

4.4 Распределување на 606 канти во жолта боја и 606 канти во плава боја од посебната Програма за управување со посебни текови на отпад (октомври 2024 - јануари 2025)МЖСПП и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

4.5 Распределување на 126 контејнери од Проектот за Регионално управување со отпад(април 2025- јуни 2025) МЖСПП и ЈКП ,,Комуналец,, - Прилеп

4.6 Специјални комунални возила за собирање и транспортирање на отпад (2025)МЖСПП

- 5 специјални возила за собирање и транспортирање на отпад со капацитет од 12м3;

- 2 специјални возила за собирање и траспорт со капацитет од 8м3;

- 2 специјални возила со капацитет од 6м3 за транспорт на зелен отпад;

4.7 126 контенјери за комунален отпад од оделно собран отпад кој може да се рециклира(2025); МЖСПП и ЈКП ,,Комуналец,, - Прилеп

4.8 8.318 канти од 120 литри за собирање на отпад од домаќинства по системот,, врата до врата,,.(2025) МЖСПП и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп

4.9 Набавка на возила, градежна механизација, трактор и вилшкар, со финасиски средства од Општина Прилеп и ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, опишани погоре во планирани технички средства и капацитет (2025)

4.10 40 полуподземни контејнери и софтверски ситем за следење на отпадот од аплициран проект ,, Паметни полуподземни контејнери,, ИНТЕРРЕГ ИПА 2023 -2027 од Меѓугранична соработка со Република Грција . (февруари 2024 - декември 2026). Проектот е во втора фаза - пред избор од 65 апликанти, каде ќе се изберат само 25 апликанти.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законодавните, институционалните, организациските и економските мерки за управување со отпадот и заштита на животната средина, претставуваат значајна основа за воспоставување и функционирање на мрежата на техничките капацитети за управување со отпад.

Институционалните и организациските мерки се однесуваат на воспоставување на организиран систем на управување со отпад на целокупната територија на општината;

- Изградба на значајни капицетите за правилно третирање на отпадот;
- Проширување на услугата на собирање на комунален отпад на целокупната територија на општина Прилеп;
- Продолжување на организираниот систем на селекција на отпад на целокупната територија на општината;
- Воспоставување на современ систем за управување со посени видови на отпад (кабаст отпад, отпад од електрична и електронска опрема и др. видови на отпад);
- Воспоставување на организирана структура на сите нивоа во јавното претпријатие со назначени одговорни лица, со поделени задачи и зајакнување на човечките и оперативните капацитети.

Предвидените мерки доведуваат до намалување на количините создаден отпад, негово искористување, повторна употреба и рециклажа, намалување на уделот на опасниот отпад во создадениот отпад и создавање приходи за покривање на трошоците.

6. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО И ЗА ОБУКА НА КАДАРОТ ШТО УПРАВУВА СО ОТПАДОТ

Извршувањето на сите комплексни задачи за управување со отпад ја наметнува потребата за,информиран и едуциран граѓанин и обучен кадар на сите нивоа. Обуката на човечките ресурси е силно поврзана со организациското развој на јавното претпријатие кое ќе ги анализира своите потреби и едукацијата, информацијата и обуката ќе ја спроведува со развојот на неопходните капацитети и постојните празнини и слабости во делот на знаењето.

Целокупниот кадар вклучен во процесот на управување со отпадот ќе поседува дополнителни курсеви, работилници и обуки испланирани според специфичноста на работата и тоа со цел:

- Надградување на своето техничко и технолошко знаење со запознавање на новите технологиите и техничките апликации коишто опфаќаат собирање, претовар/транспорт, складирање на фракциите на опасен/неопасен отпад и на потенцијалната фракција за рециклирање, за механизмот и биолошкиот и другите видови третман и за процесите на депонирање на сите видови на отпад. Оваа обука ќе се реализира од Проектот,, Одржливо управување со отпад на локално ниво,,.
- Запознавање со националната законска регулатива и регулативата на ЕУ, програмите и правилата, како и економско-финансиските прашања и последици. Овие обуки ќе се реализираат од ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп
- Запознавање со општите политики, законските прашања поврзани со свеста на јавноста, организациски, технички, просторни, логистички и економско финансиски теми и теми поврзани со посебни задачи, особено со координација на развојот и унапредувањето со отпадот и инвестиционите проекти за изградба на компостар и со обезбедување на финансиски средства од ЕУ фондовите. Овие теми ќе се реализираат од Проектот,, Одржливо управување со отпад на Локално ниво,,
- Внатрешна комуникација – вработени(најбитна алка за успех) секој вработен се обучува за комуникација.
- Надворешна комуникација–веб страна, апликација, текстуални пораки, дигитални гласила
- Надворешна комуникација –социјални медиуми
- Надворешна комуникација–печат
- Надворешна комуникација– локални канали
- Надворешна комуникација – национални медиуми
- Надворешна комуникација–Соработка со медиумите и медиумско присуство
- Вмрежување со други службеници за комуникација во регионот и меѓуоптинска соработка
- Кампања- ,,Неопходно е да бидеме еколошки херои,,
- Кампања– Посредна селекција, пред пуштањето во работа на Стопанскиот комплекс - Погон за преработка на безопасен комунален отпад,, потребно е да се изврши едукација на населението и бизнис секторот, поради новите правила на селекција и воведување во селекција на нови рециклирачки отпадни материјали.

7. ВОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СИСТЕМИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ISO 14001 И ДРУГИ)

Воведувањето на стандардизацијата претставува активност на утврдување одредби за општа и повеќекратна употреба, со цел постигнување на оптимално ниво на уредување во дадена област.

Стандардот ISO 14001, ги дефинира барањата за управување со заштитата на животната средина. Методологијата на стандардот ISO 14001 ја воспоставува политиката за заштита на животната средина, целите и процесите со кои ја реализира политиката, како и преземањето мерки со кои е потребно да го унапреди и усогласи работењето на претпријатието со системот на барања на овој стандард.

Со воспоставувањето на ISO 14001 ќе се дефинираат барањата за воспоставување процедури во заштитата на животната околина, ќе се одредат факторите на влијанието на услугата врз околината, ќе се предвидат еколошки системи на кои се врши негативно влијание, ќе се измерат негативните влијанија и ќе се дадат насоки за спречување на несаканите ефекти.

Стандардот ISO 14001 не е условен со закон и неговата примена е доброволна. Развиен е врз концептот на одржлив развој, со кој се задоволуваат сегашните потреби, при тоа не се загрозува опстанокот на идните генерации и задоволувањето на нивните потреби. Лесно се интегрира со стандардот ISO 9001 и наменет е за сертификација.

8. ДРУГИ МЕРКИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

8.1. ОРГАНИЗАЦИСКИ ПОДОБРУВАЊА

Организациските подобрувања на јавното претпријатие се во насока на:

- Подобрување на ефективноста;
- Намалување на оперативните трошоци и
- Остварување на поголеми приходи.

Воспоставување на систем за стратегиско планирање овозможува јавното претпријатие да ја дефинира својата стратегија или главниот правец на движење за период од неколку години и донесува одлуки за главните мерки што ќе ги преземе. Стратешкото планирање ги дефинира:

- конкретните цели што треба да се постигнат;
- потребите во делот на ресурсите, во што спаѓаат капитал и човечки капацитети и
- временскиот распоред.

Воспоставување на нова организациона поставеност овозможува системска процена на кадровските потенцијали и обемот на работа. Ваквата организирана поставеност ќе овозможи анализа на кадровски потреби со цел да се идентификуваат бројот и профилот на сите вработени во јавното претпријатие како и потребите од стручен кадар за во иднина.

9. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ВЛОЖУВАЊА

Финансирањето на мерките и активностите предвидени во програмата се реализираат од повеќе извори како:

- Финасиски средства од наплата на сметки и други приходи од ЈКП,, Комуналец,,-Прилеп;
- Буџет на општина Прилеп;
- Буџет на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање;
- Средства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражување;
- Инструменти за претпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти).

Потребни инвестициски вложувања во ЈКП,, Комуналец,, - Прилеп, за 2025 година во делот на управување со отпад

р. бр.	Објекти, опрема и возила/капацитет	Кол.	Капацитет	Единечна цена/ден	Вкупно/ден	Извор за финансир.
1.	Специјално возило за транспорт на отпад до депонија - кипер	1	20 m^3	7.500.000,00	7.500.000,00	ЈКП+ЛС +други фондови
2.	Возило за подигање на комунален отпад од домаќинства и правни субјекти / контејнери од 1,1 m^3	2	10 m^3 - 12 m^3	6.500.000,00	13.000.000,00	ЛС
3.	Возило за подигање на канти од 120 lit	1	10 m^3	5.000.000,00	5.000.000,00	ЛС
4.	Трактор со приколка	1	5 m^3	1.400.000,00	1.400.000,00	ЈКП
5.	Градежна утоварна машина - ровокопач	1	3-5 m^3	7.000.000,00	7.000.000,00	ЛС
6.	Вилушкар	1	5 t	7.000.000,00	7.000.000,00	ЛС

7.	Специјално комунално возило за празнење на полуподземни контејнери со вграден хидрауличен кран /еквивалент „Palfinger"	1	15 m^3	5.000.000,00	5.000.000,00	ЈКП + други фондови
8.	Градежна-утоварна машина со мал капацитет/еквивалент „BobCat	1	1,5 m^3 - 2,0 m^3	4.500.000,00	4.500.000,00	ЛС
9.	Полу-подземни контејнери за селекција на отпад со монтажа	20	3 m^3	250.000,00	5.000.000,00	ЛС
10.	Канти за селектиран отпаден материјал и биоразградлив отпад (1.000 зелени + 1.000 жолти)	2.000	120 lit	2.500,00	5.000.000,00	ЈКП
11.	Изградба на стопански комплекс – погон за преработка накомунален отпад	1			90.000.000,00	Министерство за животна средина и ЛС
12.	Двор за рециклирање на отпад-собирен центар	1			5.000.000,00	ЈКП+ЛС

Во табеларниот приказ не се прикажани 9 возила , 126 контејнери и 8.318 канти за отпад од 120 литри кои се очекуваат во 2024 и 2025 година од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање од Проектот,, Регионално управување со отпад,, ќе ги предаде на користење на Локалната самоуправа и ЈКП „Комуналец" - Прилеп.

Планирани приходи од услугата собирање, транспортирање и депонирање на отпад.

- **8.386.579,50 ден. од граѓански сметки - на месечно ниво**
- **5.126.562,50 ден. од - ф-ра правни лица - на месечно ниво**
- **13.512.562,00 ден. ВКУПНО - на месечно ниво**
- **13.512.562,00 х 12 мсеци = 162.151.944,00 ден на годишно ниво под услов да се соберат 100% планираните приходи, што не е пракса изминативе години.**

10. АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ

Во Програмата за управување со отпад не се изработува Акциски план на активности, зашто Локалната самоуправа има изготвено Локален акциски план за управување со отпад, со волонтерска работа од тимот од Проектот,, Одржливо управување со отпад,, финасиран од Шведската влада. Во него детално се опишани сите планирани цели, активности и акции со временска рамка, одговроните за спроведување на активноста, изворот на финасирање, потребната поддршка, почетната состојба и целта/ индикаторот на ниво на акција.

Изработил:_____
Лилјана Пурдеска Силјаноска
Помошник на директорот за односи со јавноста

Одобрил:
Игор Јорданоски
_____
Оперативен директор

27.09.2024 година
Прилеп

„Јавно комунално претпријатие" „КОМУНАЛЕЦ" Прилеп со Ц.О. М П

ЈКП „Комуналец", Прилеп

_____
Рубинчо Абрашоски
директор